В Касіян



музеј на
современата
уметност
скопје

# ВАНГЕЛ КОЏОМАН
# VANGEL KOJOMAN

ретроспектива 1928-1976
retrospective exhibition
6. X — 6. XI 1976

museum of
contemporary
art
skopje

Организаторите:

Македонската академија на науките и уметностите
Музејот на современата уметност
Уметничката галерија, Скопје
ја изразуваат својата искрена благодарност на сите поединци и следните институции коишто сесрдно ја помогнаа реализацијата на ретроспективната изложба на Вангел Коџоман:
Извршен совет, МАНУ, Уметничка галерија, Историски, Етнолошки и Градски музеј, СИЗ за становање на општината на град Скопје, Стопанска комора на СРМ, Универзитет „Кирил и Методиј", Институт за национална историја и Шумарски институт, Републички секретаријат за финансии, Матица на иселениците на Македонија, Деканат на Историско-филозофски факултет — Скопје;
Хотел „Бисер" — Калишта, Спомен куќа на Вангел Коџоман и ХЕЦ — Струга;
Завод за заштита на помениците на културата и Народен музеј — Охрид;
Народен музеј — Штип

Ретроспективата е реализирана со средства од Градската и Републичката СИЗ за финансирање на културните дејности и Македонската академија на науките и уметностите

# I. ЖИВОТ

Вангел Коџоман се оформува како уметничка личност во периодот помеѓу двете војни, кога со изумирањето на повеќевековната традиција на сакралната уметност на почвата на Македонија се одвива и процесот на осовременувањето на ликовната уметност. Напоредно со остварувањата на старите зографи, во ликовниот живот на Македонија се појавува и првата генерација академски образовани уметници, на која и́ припаѓа и Вангел Коџоман. Заедно со Димитар Пандилов, Лазар Личеноски и Никола Мартиноски и уште неколкумина кои се појавуваат непосредно по нив (Василие Поповиќ — Цицо, Димо Тодоровски, Љубомир Белогаски, Томо Владимирски и др.). ги поставува основите на македонската модерна уметност. Нивното значење дотолку е поголемо, што нивната пионерска работа во осовременувањето на македонскиот ликовен живот се одвиваше во вонредно тешки економски и општествено-политички услови. Дел од Македонија по Првата светска војна беше вклучен во составот на новосоздаденото Кралство на СХС, подоцна, Кралството Југославија.

„...Непризнавањето на националната индивидуалност и култура на македонскиот народ, прогонузањето на македонското име и јазик од страна на великосрпскиот хегемонистички режим, беа главни причини за тоа што Вардарска Македонија во споредба со другите земји и краишта на стара Југославија остана со неразвиена култура...“[1]

Од една страна, беа настојувањата на прогресивните сили, кои сакаа да ги продолжат токовите на националната културна преродба, започната со борбата за национално ослободување на македонскиот народ уште во XIX век, а од друга страна, на реакционерните режимски сили, кои ја диктираа денационализацијата на македонскиот народ. Меѓутоа, и покрај реакционерните задачи на режимските управувачи, во Македонија доаѓа до отворање на некои културни институции што одиграа извесна позитивна улога во културниот и уметничкиот живот: Филозофскиот факултет, Народниот театар, Музејот на Јужна Србија, Друштвото на пријателите на уметноста „Јефимија“ и др., сите во Скопје, кое стана нов политички и културен центар. Во таква констелација на економско-општествени услови и национална нерамноправност во Македонија, се одвиваат детството и младешките години на Вангел Коџоман. Роден е на 14 февруари 1905 во Струга, родниот град на двајцата великани — борци за народна просвета во XIX век — браќата Константин и Димитар Миладиновци.

По Првата светска војна Струга влезе во составот на Кралството на СХС, со длабоки траги од воените разурнувања во сите области, со неразвиено стопанство и примитивно земјоделско производство. Занаетчиството во Струга, што во текот на XIX век беше во расцут, доживува повремени опаѓања во почетокот на XX век. Струшките занаетчии со суровини се снабдувале од блиската Албанија.

Највидните струшки семејства се занимавале со одделни занаети: златари, папуџии, шивачи на женски носии (забанџии), грнчари, ќурчии и др. Коџоман произлегува од многучлено занаетчиско семејство, од татко Ѓорѓи, забанџија од Струга, и мајка Пандора, домаќинка, охриѓанка, од попска фамилија. За да го прехрани многубројното семејство, татко му го изучил забанџискиот занает и станал познат мајстор — терзија.

Основното училиште го завршил во Струга во учебната 1914/15, а во 1915/16 и I клас гимназија. Учењето го прекинал поради тешките политички услови предизвикани од Првата светска војна. По тоа го продолжил школувањето во Охридската

гимназија, каде што матурирал во 1923/24, и покрај настојувањата на таткото да се посвети на неговиот занает и да го наследи дуќанот. Самиот сликар, во врска со тоа, вели: „.. На татко ми решително му реков: терзија не сакам да бидам! Неговиот занает беше прекрасен. Тие стари селски македонски носии и денеска се прворазредни уметнички украси, вистинска применета уметност. Применета во најширок вид и на најдобар начин. За секоја возраст на жената постоеја одредени везови. Гледав понекогаш со задоволство како тој работи, како везе, како се раѓа секој негов орнамент. Без сомнение дека тоа мораше да влијае на мене, дека тоа од најраните денови мораше кај мене да го развива чувството за убаво, за префинето. Меѓутоа, занаетот не ме привлекуваше...“[2]

Уште како дете Коџоман сакал да црта и таа љубов со време прераснала во страст. Во гимназијата, иако немал ликовен педагог, кој би го насочувал со ликовни поуки, тој цртал повеќе за себе, портретирајќи ги најчесто своите школски другари, со молив. „Цртав, за боја воопшто не знаев, ни за акварел, ни за темпера, а камоли за техниката на маслото“ — вели Коџоман. Нешто подоцна, кога како самоук ги правел првите чекори во светот на ликовното, секако значајно влијание ќе одигра директниот допир со големите средновековни мајстори на фрескосликарството и иконите, кои имал можност да ги набљудува по многубројните цркви и манастири на охридскиот и струшкиот регион: фреските во Св. Климент, Св. Софија, Св. Наум и др. Фреските и иконите ќе бидат првиот допир на Вангела со сликарството и оттогаш никогаш нема да го напушти.

Покрај учењето често му помагал на татка си во дуќанот. По матурирањето повторно дошло до судрување со таткото, кој го наговарал и настојувал да остане и работи како учител во Струга. Меѓутоа, желбата за учење и за сликарството, зачната уште во најраното детство, била посилна и Коџоман во 1924 се запишува во Државната уметничка школа во Белград.[3]

Не може да не се спомене неговата одлука во овој период (1924 година) да се посвети на животен позив полн неизвесности и несигурности, позив што не можел да обезбеди сигурна егзистенција. Во врска со тоа, неговиот пријател и колега Никола Мартиноски одбележува: „... Роден во Струга во времето кога ликовната уметност била позната само како икона во црква. Студирал во времето кога студирањето било привилегија за мал број одлични ученици и за оние што биле корумптивно привилегирани и како такви добивале стипендии за студии и избирале професии што биле пред сѐ рентабилни...“[4] А пак за оваа негова одлука, исто така негов колега и пријател уште од гимназиските денови во Охрид, Димче Коцо, одбележува: „... Коџоман е првиот стружанец, прв во Западна Македонија, од Битола до Мокра, кој свршил Уметничка школа и станал прв професор по ликовно воспитување во Македонија“.[5]

Во периодот од 1924 до 1928 година го завршува наставничкиот оддел на Уметничката школа во Белград. Првите ликовни искуства ги стекнува од Бета Вукановиќ.[6] На I година го посетувал подготвителниот курс, а на II и III година посетувал часови кај професорот Љубо Ивановиќ, кој одиграл мошне значајна улога во неговиот творечки живот во почетните години.[7] Кај професорот Илија Шобаиќ[8] посетувал часови по вечерен акт и цртеж, а на IV година, повторно кај Бета Вукановиќ часови по акварел. Од 1928 до 1930 го продолжил своето учење на академскиот курс за „чиста уметност“ кај професорот Милан Миловановиќ[9], посетувајќи часови по маслена техника. На II година од академскиот курс Коџоман му бил асистент на Миловановиќ. Сите овие спомнати професори и ликовни уметници, секој на свој начин, биле значајни во оформувањето на младиот Коџоман, во помошта што од нив ја примил за стекнување на првите академски ликовни искуства: од Бета Вукановиќ, искуствата и љубовта кон акварелната техника, во која подоцна постигнал одлични резултати, од Милан Миловановиќ во поуките од импресионистичка насока, од Љубо Ивановиќ искуствата за солиден и цврст цртеж.

Во 1928 година Коџоман преку покусиот студиски престој со група студенти (предводени од професорот Петар Палавичини) во Италија, со посета на Фиренца, Рим и Венеција, прв пат доаѓа во директен допир со делата на италијанската ренесансна уметност. Најголемо доживување за него била средбата со оригиналните дела на Ботичели, Тинторето, Тицијан и др.

Во 1929 бил и неговиот прв настап пред белградската публика, кога како гостин излагал на II есенска изложба на сликарските и скулпторските дела на белградските уметници во Уметничкиот павилјон „Цвиета Зузориќ“ во Белград.[10] А веќе наредната, 1930 година неговиот настап на II пролетна изложба на сликарските и скулпторските дела на југословенските уметници во Белград, бил одбележан како успешен и од ликовната критика „... забележано е... првото изложено дело на Ванѓел Коџомановиќ...“[11]

По отслужувањето на деветмесечниот воен рок во Сараево, на 11 ноември 1931 Коџоман стапува на служба како ликовен педагог во Охридската гимназија — професор за предметот цртање со калиграфија. Во почетокот работел како суплент-приправник (1931-1935). Во 1935 работел на темата „Архитектурата и живописот на црквата Св. Софија во Охрид“, во која, откако во уводниот дел ја прикажал историјата на Охрид од неговото постоење, детално ја разработил архитектурата, пластиката и живописот во Св. Софија. Со оваа тема Коџоман го положил професорскиот испит во Белград во 1935 и станал професор во Реалната гимназија во Охрид.

Со доаѓањето во Охрид, во триесеттите години, Коџоман попаднал во една малограѓанска, еснафски закожурена средина, која немала никакво разбирање за ликовната уметност. Несфатен од околината, судрувајќи се постојано со провинциски и малограѓански мислења, Коџомоан ќе доживее привремена творечка криза. Без стимул, оддалечен од ликовните центри, почнуваат да се гасат неговите младешки желби. Меѓутоа, овој период ќе биде краткорочен. Во Охрид, преку летните месеци (од 1930 до 1933), Коџоман се среќавал со своите колеги — сликари кои доаѓале од поголемите ликовни центри, меѓу другите Лазар Личеноски и неговиот професор Љубо Ивановиќ на кого, спрема искажувањата на Коџоман, најмногу му должи за пребродувањето на творечката криза. Во честите разговори водени крај брегот на Охридското Езеро, тој бил критикуван за пасивизацијата и убедуван дека треба да продолжи. Веќе во 1933 Коџоман отпочнал со несомнен творечки интензитет повторно со штафелајното сликарство, така што тој често ја спомнува оваа година како почетна во своето сликарство. Во неговото ателје во Охридската гимназија веќе се насобрале повеќе платна: портрети, мртви природи и пејзажи со мотиви од Охрид и Струга. Ова враќање на Коџоман кон сликарството, нешто подоцна со нескриена радост го одбележал неговиот пријател Личеноски: „... Ова лето, кога го посетив неговото ателје во државната гимназија, пријатно бев изненаден од големиот број портрети, пејзажи и мртви природи, кои Коџомановиќ ги направи во текот на минатата година. Во пејзажите и во мртвите природи му недостасува извесна техничка слобода, додека во портретот (кој инаку најмногу го интересира и во кој е и неговата сила), се гледа сериозната и прибрана уметничка природа на Ванѓел Коџомановиќ. Една сликарска постапка без афектација и извештаченост, наметлив и во толкава мера упростен што напомнува на Мане...“[12]

Во 1932/33, преку летните месеци следел археолошки курс во Белград и притоа ги посетувал археолошките локалитети во Србија со Ѓорѓе Мано — Зиси, Ѓурѓе Бошковиќ и др.

Во 1934 станал член на Здружението на српските ликовни уметници. Од 1936 год. Коџоман скоро редовно учествувал на пролетните изложби на сликарските и скулпторските дела на југословенските уметници и на есенските изложби на белградските уметници во Белград.

Во 1938 год. веќе бил подготвен за прв самостоен настап. Друштвото на љубителите на уметноста „Јефимија“[13] во Скопје од 3 до 13. IV 1938 година ја организирало неговата прва самостојна изложба или, како што тогаш ја нарекувале, „Колективна изложба радова Ванђела Коџомановића“.

Изложбата ја отворил д-р Франце Месеснел.[14] На свеченото отворање била приредена и литературна вечер со чајанка[15].

По одржувањето на првата самостојна изложба, која од тогашната ликовна критика била позитивно оценета, Коџоман успеал да ја оствари одамнешната желба, да се врати во Белград, градот каде што го стекнал своето академско образование., Во овој ликовен центар тој успеал да добие место како професор по ликовно воспитување во VII машка гимназија. Во Белград останува цели 6 години, од 1938 до 1945.

За време на својот подолг престој во Белград Коџоман постојано бил присутен во ликовниот живот. Покрај учеството на веќе спомнатите пролетни и есенски изложби, мошне е значаен и неговиот настап на изложбата на независните сликари, таканаречената „Бојкоташка“, приредена во Белград во 1937[16]. Потоа во *Салонот на независните уметници* учествувал во 1939 и 1940, каде што бил единствениот претставник од Македонија, заедно со тогаш напредните и веќе афирмирани уметници: Крсто Хегедушиќ, Ѓорѓе Андреевиќ — Кун, Бора Барух, Иво Шеремет, Воја Димитриевиќ и др. Истовремено во летните месеци, кога се враќал во родниот крај, Коџоман активно учествувал во културно-забавниот и спортскиот живот на Струга. Оваа негова активност датира уште од времето на гимназиските денови. Така во јуни 1923 група ученици од Охридската гимназија, меѓу кои и Коџоман, го формирала фудбалскиот клуб „Црн Дрим“ во Струга, кој ја привлекувал сета градска младина.

Во Струга бил формиран и младински тамбурашки оркестар што свирел на приредби, а Коџоман бил главен организатор. Како студент во Белград посетувал часови на школата за танц, стекнал право да учи и други и во Струга собирал млаДинци, учејќи ги да играат модерни игри. При тоа, понекогаш доаѓал и до судрувања со режимските власти. Така, според искажувањата во трудот на Александар Апостолов, во еден полициски извештај било одбележано дека на 19. VIII 1939 во хотелот „Турист“ во Струга била приредена другарска вечер на која присуствувале околу сто граѓани. Доцна вечерта, околу 23,15 часот почнале да се пеат „бугарски национални песни“: Болен ми лежи Миле Поп Јорданов, Пајдушката, Мама ме прати на долните дуќани и др. Овие песни ги пееле Вангел Коџомановиќ, професор од Белград, Владо Малевиќ, богослов од Битола, Никола Несторовиќ, студент на Шумарскиот факултет во Земун и др. Поради тоа некои од нив биле затворени, а Коџаман бил казнет со парична казна[17].

Времето на окупацијата Коџоман го поминал во Белград како ликовен педагог и со намалена творечка дејност во годините на окупацијата на земјата. Само неколку дена по ослободувањето на Белград, во октомври 1944 година, стапил како воен сликар на должност шеф на Одделот за пропаганда при Главниот штаб на Македонија за ширење на ликовната уметност во војската и народот, на која останал шест месеци, до 1. VI 1945 година. По демобилизирањето се вратил повторно во Белград да ги изврши формалностите околу префрлувањето во нашата Република. Во крајот на септември 1945 година Коџоман дошол во веќе ослободеното Скопје, каде што се вработил како професор во Средната художествена школа, која во 1948 година прераснала во Училиште за применета уметност. На таа должност останал сè до 1952 година. Наскоро, по ослободувањето на Скопје, Коџоман стапил во брак со својата колешка од белградската гимназија Рада и од овој брак има два сина: Ѓорѓи и Милош. Од 1952 па сè до 1972 кога се пензионирал, работел како професор на Вишата педагошка школа во Скопје, каде што предавал сликарство и методика на ликовното воспитување. Тој е основач на ликовната група при Педагошката школа во 1952 година во Скопје и учител на повеќе генерации млади македонски уметници и ликовни педагози, кои денес дејствуаат низ целата наша Република[18].

За својата пионерска улога во развитокот на научно-истражувачката работа во ликовната педагогија на Македонија, Коџоман го доби и почесното звање на заслужен ликовен педагог на Југославија во 1972 година во Скопје.

Вангел Коџоман е и еден од основачите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и долгогодишен член на неговата Управа. Како член на ова Друштво учествувал на сите негови изложби од основањето во 1945 година до денес, организирани во земјата, како и на повеќе тематски изложби одржувани во Републиката. Така, меѓу другите позначајни изложби, во 1953 год. Коџоман заедно со Личеноски и Мартиноски ја претставувал македонската ликовна уметност на големата изложба „Половина век на југословенското сликарство 1900 — 1950“ во Модерната галерија во Загреб.

За време на својот четиримесечен студиски престој во 1955/56 во Париз Коџоман имаше можност да посетува секојдневно галерии и музеи, задржувајќи го своето внимание најмногу на делата од Лувр, одушевувајќи се истовремено од твор-

бите на Сезан, Ван Гог, Делакроа, Рембрант и др. класици, а посебно со делата на импресионистите. Во 1958 год. во Скопје беше организирана неговата јубилејна изложба по повод 25 години ликовна и педагошка дејност. Изложбата претставуваше и прво најцелосно дотогаш согледување на неговото творештво во Скопје. За ова изложба го добил и Орденот од I ред од Претседателот на Републиката[19].

Во 1961 година беше организирана неговата ретроспективна изложба (1933 — 1961), во Струга, а во 1962 тематската изложба „Струга во минатото", исто така во Струга[20].

Во 1972 година во Скопје се прикажуваше тематската изложба „Старата скопска чаршија"[21], а во 1974 година во новоотворениот хотел „Бисер" на брегот на Охридското Езеро кај с. Калишта, повторно ретроспективна изложба (1931-1974) од која преку 30 дела се наоѓаат во трајна сопственост на овој објект.

Истата година како легат на авторот во Струга е отворена постојаната тематска изложба „Струга во минатото", сместена во Спомен-куќата на Вангел Коџоман, наспроти Домот на Браќата Миладиновци. 30 дела: масла и акварели од различни периоди на неговото творештво, подарени од авторот претставуваат симболично враќање на долгот кон родниот крај, кој пак, од своја страна, знаеше да ја цени оваа донација и на авторот му ја додели Ноемвриската награда на градот Струга во 1975 година. Иако одделен од родниот крај, Коџоман со месеци, со години повторно му се враќа, постојано одбележува, регистрира, документира и ликовно транспонира мотиви од Струга, од старата градска архитектура, природните амбиенти, езерото, Црни Дрим и луѓето кои живееле и се движеле под тоа поднебје. Тој ликовно ја воспеа својата Струга, стана нејзиниот биограф по патот на уште редица југословенски автори, чиишто пејзажи добиваат локална „обоеност": Милан Коњовиќ (Сомбор и Војводина), Исмет Муезиновиќ (Тузла), Сава Шумановиќ (Срем и родниот Шид) и др. Во овој контекст на споредби, пригодно е одбележувањето од авторот на предговорот за самостојната изложба „Струга во минатото" во 1962 година.

„... Големите луѓе имале свои биографи. И градовите. Случајот сакал и оваа мала Струга, нашата „Венеција", да има свој биограф во лицето на нејзиниот син сликар Вангел Коџоман, ако така може да се каже за колекцијата слики „Струга во минатото..."[22]

Последната самостојна и ретроспективна изложба на Вангел Коџоман е приредена во рамките на Каравaнот на нациите 75 во Торонто (Канада) во 1975 година. Изложбата била добро примена и од ликовната критика и од голем број наши иселеници за кои средбата со творбите на Коџоман претставувала доживување и повторно среќавање со ликовно транспонираните амбиенти од „стариот" крај.

За своето долгогодишно сестрано творечко дејствување, за истакнатата улога во развитокот на ликовната педагошка мисла во Македонија, Коџоман, еден од основоположниците на македонската современа уметност, го добива во 1969 година највисокото признание на нашата Република — Октомвриската награда за животно дело на СРМ.

Член е на Македонската академија на науките и уметностите од 1975.

# II. ТВОРЕШТВО

## А. СТИЛСКИ РАЗВОЈ

### 1. УВОД

Мошне често во ликовната историја на македонското современо сликарство се спомнуваат имињата на Димитар Пандилов, Лазар Личеноски и Никола Мартиноски како најмаркантни творечки индивидуалности во предвоениот период. Неправедно би било да не се одбележи и пионерската улога на Вангел Коџоман во овој период, кој веднаш по нив временски се вбројува во редот на основоположниците на македонската модерна уметност, заедно со уште неколкумина други уметници (Томо Владимирски, Љубомир Белогаски, Василие Поповиќ — Цицо во сликарството и Димо Тодоровски во скулптурата). А во целина нивните опуси се истовремено и составен и значаен дел на современото југословенско сликарство.

По длабоко вкоренетата традиција на уметноста со религиозна тематика, тие ја отпочнуваат пионерската улога во осовременувањето на македонското сликарство. Додека другите југословенски народи имаа веќе своја изградена традиција за профани мотиви уште од порано, кај нас таа се појавува кон крајот на XIX век, но својот вистински развиток го одбележува со пејзажите, портретите и социјалните мотиви на Пандилов, Личеноски, Мартиноски, Коџоман и др. Со својот современ приод кон природата и светот, ослободувајќи ја сликата на пределот од религиозната содржина, внесуваат лирска атмосфера, реалистички ја опсервираат, или пак преку експересијата на формите и бојата ја изградуваат својата лична визија спрема природата и светот.

Целокупниот уметнички опус на Вангел Коџоман создаван скоро половина век (1928-1976), по сеќавањето на авторот, изнесува околу 2.500 слики (без цртежи и скици), работени во техниките: масло, акварел, пастел, темпера, мозаик, витраж, зграфито и др. Пред војната, ценет најмногу како акварелист (создал неколку циклуси акварели од 1928 до 1950), по војната работи најмногу во маслена техника (на платно, картон и хартија). Во сликарството на Коџоман, чие што творештво е одредено со некои основни карактеристики што трајно останале, тешко можат да се изделат одредени фази, некои разграничени и различни целини. Временски и по некои стилски карактеристики, неговото сликарство би можело да се класифицира во два поголеми периода: 1) на дела, создадени во предвоениот период сé до крајот на петтата деценија на XX век, во кои почнува со академски реализам и користење некои поуки на постимпресионистичкото сликарство на белградската ликовна школа на III и IV деценија и 2) на дела, создадени во периодот, условно земен до 1950 година, односно во текот на VI, VII и VIII деценија, во кои пиктуралните преокупации на авторот доаѓаат во прв план, преку своеобразен колористички експресионизам со национална „обоеност“, со користење на некои поуки на фовиситичкото сликарство и понекогаш елементи со романтично-фантастичен призвук.

Од друга страна, тематската определеност на Коџоман е мошне разновидна. Тој изградува во своето сликарство традиционална иконографија на скоро сите класични сликарски мотиви: актови, портрети, мртви природи, историски портрети и композиции, слики со социјален призвук и етнофолклорни елементи и др. Но интересот за пејза-

жот е доминантен, пред сé за пејзажот на родниот крај, кој кај Коџоман е препознатлив по својата колористичка експресија, по карактеристичната организација на композицијата, реализиран во бројни варијанти, што се повторуваат повеќе или помалку успешни, повеќе или помалку убедливи и впечатливи. Некои од нив секако ќе влезат во антологискиот дел на македонското пејзажно сликарство (Чунови I и II од 1940, Пченка од 1946, Мотив од Прилепско од 1956 и др.).

Додека творештвото на Никола Мартиноски е експресионистички насочено со предимен интерес за човекот и мотиви од социјална тематика, творештвото на Лазар Личеноски е насочено кон колористичкиот експресионизам со посебен акцент на македонкиот пејзаж, во творештвото на Димитар Пандилов на преден план излегува импресионистичката постапка со интимистички поттекст, со етно-социјални мотиви, кај Љубомир Белогаски преовладува суптилен лирски реализам во пејзажите во акварелна техника, кај Томо Владимирски е доминантен фовистичко-експресионистичкиот пејзаж на македонското поднебје, творештвото на Коџоман не се поврзува со ниеден од нив. Во една пообопштена споредба неговото сликарство би можело да се доведе во корелација со творештвото на Личеноски, повеќе по сличната тематска определеност (слични мотиви од македонското поднебје: езерски пејзажи, сончогледи, долапи, некои социјални мотиви и сл.) и по пиктуралните преокупации кои и кај едниот и кај другиот излегуваат на прв план, со издиференциран творечки пристап и резултати.

Коџоман е пред сé сликар на македонското поднебје, изразит пејзажист и портретист, регистратор на сето она што сега нé опкружува, и на сето она што изминало, што времето го прегазило, што новите услови на живот и засилената урбанизација неповратно го однеле. Со децении тој ги регистрира и ликовно пренесува промените што настануваат во природните и урбанизираните амбиенти на македонското поднебје. Притоа, се забележуваат различни приоди во транспонирањето на пејзажот: барање на убавината на одреден миг, барање на импресија, сликање на експресивно субјективна анализа, реално опсервирање и регистрирање. Најпрепознатливиот елемент во неговото сликарство е бојата. Својата интима и чувства непосредно ги пренесува во сликарско сиже, растоварен од влијанијата на доминантните движења во современата светска и југословенска ликовна уметност, со цел, како што самиот често спомнува, за создавање на сопствен ликовен ракопис.

## 2. ПОЧЕТОЦИ И ШКОЛУВАЊЕ (1920 - 1930)

Интересот за сликарство кај Коџоман потекнува уште од најраното детство. За тоа постоеле неколку битни предуслови: вродената желба за пиктурално изразување, што била поттикната и од богатството на боите што ги среќавал од најраните години во работилницата на неговиот татко — терзија на женски селски носии, присуството и можноста за директно запознавање со најзначајните дела на нашето средновековно сликарство: фреските и иконите во струшките и охридските цркви и манастири и преубавите природни амбиенти на родниот крај. Иако немал речиси никаков ликовен педагог за време на гимназиското школување, Коџоман во својот цртачки блок секојдневно ги скицирал и портретирал своите другари и блиски роднини.

Со доаѓањето во Белград и запишувањето на Уметничката школа за редовен студент (1924), отпочнува систематското проучување на сликарските закони. Тоа е Белград во средината на третата деценија. Ликовната атмосфера ја создаваат довчерашните париски, минхенски, виенски, пештански и краковски ученици. Белград доживува брза урбанизација и европеизација. Меѓутоа, материјалната база е сé уште слаба. Нема постојани изложбени простории, ниту многубројна уметничка публика. Уметноста се наоѓа на пресвртница помеѓу старото и новото што го носат студентите од другите европски центри. Наскоро почнува да се засилува и уметничкиот живот, се основаат авангардни ликовни списанија: *Путеви* (1922); *Сведочанства* (1924); се основа групата *Зограф* (1928), што ја негува најмногу традицијата и националното во уметноста, групата *Облик* (1926), што оби-

лува со разновидни уметнички струења и вредности, се основа Уметничкиот павилјон „Цвиета Зузориќ“ (1928). Во 1929 се одржува Есенската изложба на белградските сликари и скулптори во новооснованиот павилјон, на која излага за прв пат и Вангел Коџоман една мртва природа во масло.

На Уметничката школа во Белград наставата се изведувала по одредена програма. Своите први систематски ликовни искуства Коџоман ги стекнал кај професорите Бета Вукановиќ, Љубо Ивановиќ, Илија Шобаиќ и на академскиот курс од 1928-1930 кај познатиот српски импресионист Милан Миловановиќ.

Во овој период на школување се настанати значајни дела на Коџоман што денес ги чува во своето ателје: *Акт I* (1929) и *Акт II, III, IV* (1930) работени по модел, академски сфатени, реалистички опсервирани, анатомски точно предадени. Во 1929 е настанат *Автопортрет I* во маслена техника, изведен во придушен темен тоналитет и со примена на светло темни односи во изведувањето на ликот. Овие спомнати дела доаѓаат по неговиот краток студиски престој во Италија (1928), кој несомнено има влијание врз творештвото на Коџоман од овој период, преку користењето на некои искуства на старите мајстори на италијанската ренесансна уметност. Тоа особено се забележува во *Портретот на девојче* (1932), изведен во топол темноцрвен и маслинест тоналитет, со несомнени валерски вредности. Од 1930 е неговиот *Автопортрет II* во кој се забележуваат реминисценции од импресионистичкото сликарство на неговиот професор Миловановиќ.

Во 1930 година Коџоман се појавува на II пролетна изложба на сликарските и скулпторските дела на југословенските уметници во Белград со *Студија на глава* во маслена техника.

## 3. ОХРИДСКИ ПЕРИОД (1931-1938)

Од Уметничката школа во Белград, која ја завршува заедно со академскиот курс во 1930 Коџоман стекнува солидно академско знаење, што го применува во веќе спомнатите дела со реминисценции на класичната уметност и академскиот реализам. Во 1931 се враќа во Македонија и се вработува како професор во Охридската гимназија.

Овој период по веќе спомнатата краткотрајна творечка криза е исполнет со несомнен творечки интензитет. Настануваат многубројни портрети, мртви природи и пејзажи, а особено успешно реализирани акварели со кои често се појавува од Охрид на пролетните и есенските изложби во Белград, како член на Здружението на српските ликовни уметници. Охрабрен од првите успешни настапи во ликовниот центар на земјата, одбележани и во ликовната критика,[23,24], со особен творечки ангажман Коџоман се подготвува за својот прв самостоен настап во Скопје. Во организација на друштвото „Јефимија“ во 1938 година на самостојната изложба излага 56 дела (масла, цртежи и акварели), која е добро примена од ликовната критика и добро посетена. Скоро сите дела од оваа изложба, со исклучок на фамилијарните портрети се продадени. На изложбата, меѓу другите се изложени и некои од неговите позначајни дела: *Портрет на мојата мајка* (1935), *Каменоресци* (1936), *Охридски пољак* (1937), како и повеќе пејзажи од Охрид, мртви природи, цвеќиња и др. За овој настап ликовниот критичар Петар Слиепчевиќ одбележува: „...Изложени се добар број слики во маслени бои, акварели и цртежи. Главно го прикажува својот крај, средината во која живее, особено во акварел. Се истакнуваат добро обработени мотиви со Охридското Езеро, има исто така карактеристични портрети и мртви природи. На работите се забележува влијанието на италијанските мајстори...“[25] Слиепчевиќ прави замерка за решавањето на проблемот на заднината, истакнувајќи дека авторот не успеал сѐ уште да совлада еден од најтешките проблеми во сликарството:

„...Неговиот хинтергрунд често ја голта фигурата...“[26] И уште едно позитивно искажување за делата на Коџоман од оваа изложба: „...иако далеку од уметничките центри и без можност да се развива во академиите во странство, тој успеал да најде свој карактеристичен израз што наиде на допаѓање кај сите почитувачи на неговиот талент...“[27] На друго место ќе биде истакнато:

„...Сите изложени работи се одликуваат со младешка ведрина и фина чувствителност за усогласеноста на боите и линиите, што сето заедно го прикажува г. Коџомановиќ како сликар, во кој Јужна Србија ќе добие свој нов уметнички интерпретатор...“[28]

По искажувањата на критиката, по мошне скромниот каталог (со само неполни каталошки податоци) и по сеќавањето на самиот автор, првата самостојна изложба може да се оцени како успешна.

По само неколку дела забележани од оваа изложба, главно кај самиот автор и во неколку институции во Скопје, сликарството на Коџоман до овој период забележува развиток во сликарската постапка: од академски реализам, со несомнени валерски вредности во портретите и мртвите природи, до примена на постимпресионистичките поуки стекнати од белградската ликовна школа во пејзажите, постапка која Коџоман ќе ја развива и понатаму скоро сé до крајот на V деценија. Во лирско-реалистички опсервираните пејзажи на родниот крај, многубројните портрети и мртвите природи се забележува суптилниот колорит во кој цртежот не е особено истакнат.

Веднаш по одржувањето на првата самостојна изложба, која многу има придонесно за неговата афирмација како ликовен уметник, Коџоман успева да ја оствари својата дамнешна желба и да премине во Белград како професор по ликовно воспитување во VII машка гимназија, каде што останува сé до 1945 година.

## 4. БЕЛГРАДСКИ ПЕРИОД (1938-1945)

Непосредно пред Втората светска војна, кога Коџоман доаѓа во Белград ликовната клима во крајот на IV деценија е детерминирана од два битни естетско-стилски правци: од една страна е таканаречената „чиста уметност“, сета во знакот на експресионизмот на бојата и гестот (Коњовиќ, Биелиќ и др.), интимизмот (Радовиќ, Шумановиќ и др.), поетскиот реализам (Челебоновиќ, Милосавлевиќ и др.) и која имаше свои варијанти и претставници во различни национални и културни подрачја на Југославија. Од друга страна, беше ангажираната уметност на која ѝ припаѓаа учесниците во Салонот на независните и групата Живот. Меѓу тие две сфаќања настанувале жестоки политички, идеолошки и естетски судрувања. Во таква ликовна клима Коџоман во Белград работи како ликовен педагог и напоредно твори. Во тоа време спаѓа неговото учество на *Бојкоташката изложба* (1937) и во *Салонот на независните* (1937-1940).

Сликарската постапка на Коџоман во овој период главно го задржува континуитетот со творештвото до 1938 година во духот на лирската постапка со постимпресионистички белези, но и со несомнено послободен третман во решавањето на битните ликовни проблеми на бојата и формата. Во овој период, и покрај мошне тешките услови за работа ќе настанат неколку значајни дела на Коџоман во пејзажното и портретното сликарство: двете варијанти на *Чунови I* и *II*,[29] *Долап*, *Портретот на мојот татко*, *Портретот на професорката Деспа*, *Портретот на Слободан Драшковиќ*, како и успешно насликаниот *Минијатурен* акт (сите од 1940). Во овој период настанати се и повеќе мотиви од Струга и Охрид, мотиви од Белград (*Поглед на моето ателје I, II*, 1939 и 1940), *Ѓурѓеви ступови I, II* (1942), *Портрет на Рада* (1942) и други.

Во крајот на 1944 година Коџоман учествува на изложбата во полза за ранетите партизани во Белград. Од овој период датираат два акварела со претстава на партизанка и една слика во маслена техника, исто така со лик на партизанка, изведени реалистички, со нагласен цртеж.

## 5. СКОПЈЕ (1945-1976)

### а) Социјалистички реализам (1945-1950)

Доаѓајќи во Скопје во новонастанатите општествено-политички и историски услови по Револуцијата, Коџоман покрај пионерската улога во развитокот на ликовната педагошка дејност во Македонија се обидува и творечки да се вклучи во новата естетика на таканаречениот социјалистички реализам. Меѓутоа, за новите теми не беше про-

најдена и нова форма, туку се прифаќаше ликовниот јазик на граѓанската уметност или пластичните формули на старите мајстори. Од уметникот се бараше да биде пропагатор на новите идеи. Се прифаќаа само дела што можеа директно визуелно да се доживеат, дела во кои цртежот е прецизен, композицијата јасна и формата реалистичка, додека пиктуралната убавина се ставаше на заден план. Затоа, мошне често, не само кај Коџоман туку и кај други уметници кои твореа во овој период, а кај кои бојата беше основното изразно средство, се создаваа дела што најчесто се губеа во осредност и плакатерство.

Покрај неколку мошне успешни дела изведени во духот на постимпресионистички поуки и кои излегуваат од контекстот на „ангажираната“ тематика, како што се *Пченка* (1946), *Кон Матка* (1946), *Пејзаж* (1947), *Мртва природа со дуњи* (1948), *Пејзаж со жито* (1950) и циклусот на акварели со мотиви од *Блед* и околината на *Сплит* (1948 и 1950), Коџоман создаде повеќе дела (слики, цртежи и скици) што се по тема „социјалистички“. Тоа се дела предадени со нагласена наративност, илустративност и дискриптивност, со прецизен цртеж и јасна композиција, на начин што не одговараше на сликарскиот сензибилитет на уметникот за кој пиктуралните елементи беа најважни. Со група сликари во 1947 година Коџоман ја посетува Младинската пруга Шамац — Сараево и оттаму донесе во цртачкиот блок забележени повеќе цртежи и скици со теми: работни акции, бригадири, копачи, минери, пробивање на тунели и сл. Од 1948 година датираат и неколку цртежи со мотиви од работните акции на Нов Белград[30]. Меѓу поуспешните дела на Коџоман од овој период со „ангажирана“ тематика може да се спомене сликата *Хидроцентралата во Песочани* (1950), во маслена техника, каде што авторот вложил напори илустративноста на темата да ја одржи во рамнотежа со ликовната обработка. Сликата е изведена во карактеристична скала на сиво-син тоналитет во исликувањето на пејзажот во задницата и успешно вклопена во композицијата, стилизирана и со геометризирани форми исликана градба на браната, во предниот план.

Во портретното сликарство на Коџоман од овој период се изделува сликата Грнчар (1946), добро проштудиран лик на средновечен работник, во смирен тоналитет, со послободно сликани површини во задницата и облеката и со примена на извесна блага стилизација на формите, потоа сликата *Описменета жена* (1948), реалистички опсервиран лик на девојка со шамија, во смирен тоналитет. Од овој период се и неколку карактеристични портрети: *Портрет на работник* (1947), *Селанец од Нерези* (1948), како и повеќе историски портрети и композициите *Повик во борба*, *Војводата зборува* и *Ослободувањето на Скопје* (сите три од 1951), „читливи“, со прецизна композициона шема и со нагласена илустративност.

**б) Творечка зрелост (1950-1958)**

Напоредно со интензивната педагошка дејност во УПУ и Педагошката академија во Скопје, Коџоман веќе како оформен уметник е постојано присутен во ликовниот живот на Македонија. Одбележано е неговото учество на сите годишни изложби на ДЛУМ во Скопје и другите градови на Македонија и Југославија, како и на сите позначајни тематски изложби што се одржуваа во овој период. Неговото учество на овие изложби е редовно одбележувано и од ликовната критика во дневниот и периодичниот печат. Истакнувана е неговата предимна заинтересираност за македонскиот пејзаж, неговото чувство за звучен колорит и слагање на боите, со повремени забелешки за некои нелогичности и историски неточности во композициите со историската тематика, како и за нагласената илустративност и декоративност во некои дела со мотиви од старата градска архитектура на Струга, Охрид и Скопје. Така, за учеството на Коџоман на изложбата на ликовните уметници од Македонија одржана во Белград во 1953 година е одбележано „... Вангел Коџоман со умеење, мирно конструира пејзажи видени во питорескните улици на Скопје и Струга. Понекогаш таа сигурност во постапката е сосема илустративна, површна и формално туристичка идеја *(Старата чаршија во Струга, Кујунџии во Скопје, Кон Бит-пазар)*, а понекогаш придонесува на благородното и по малку како на сон видено чувство да се развие преку злат-

ните окери и сребренестосините хармонии *(Мотив од Шар-Планина)*. . ."[31]

Сликарската постапка на Коџоман, што започна со академски реализам, преку користење на поуките од постимпресионистичкото сликарство, сега се развива кон своевиден колористичко-експресионистички насочен ликовен израз: Тој е, би се рекло, повеќе со реминисценции на експресионизмот, наместа измешан со елементи земени од фовистичкото сликарство, а понекогаш и со акценти на романтично-фантастични призвуци *(Гумно,* 1956, *Уплашени коњи* (1958 и др.). Во овој период ќе дојде до израз најмногу неговиот интерес за бојата, со примена на послободна форма во композицијата, елиминирање на некои детали и напуштање на реалистичната опсервација и предметната транспозиција. Ќе се појават масивни и цврсти форми во композицијата, со мошне честата контура, извлечена со црна боја, или во потемни нијанси на сивата, кафеавата и др., која ги фиксира рабовите на предметите и ги дели едни од други. Мекиот лиризам прераснува во експресивно чувство. Бојата, нанесена пастозно, станува појака: сината, црвената, зелената, црната во широка градација, изнурнуваат од поранешното сивило на неговата палета. Површините стануваат пошироки, со често ритмички нанесени потези, со смели судири на бои. Ова најмногу се забележува во неговите пејзажи, во кои станува најмногу личен, најмногу препознатлив. Цртежот не го опишува стриктно предметот, туку го преобликува, стилизира, обопштува, создавајќи место за боја и за одредување на ритамот во композицијата. Пејзажот кај Коџоман, локално „обоен", станува сега повеќе предел — симбол на одредено подрачје, на нашето, македонско подрачје.

Додека сите други претставници-основоположници на македонската современа уметност го посетуваа Париз и во него престојуваа повеќе или помалку во почетокот на своето творештво, во младешките години, главно по завршувањето на академското образование, така што нивниот престој во центарот на европската уметност е мошне значаен и се реперкуира во натамошниот нивен творечки развиток, Коџоман го посетува Париз во 1955 како веќе оформен уметник. Тоа ќе биде и причината, што тој, по враќањето од Париз, не ќе внесе некои битни измени во своето творештво, не ќе се поведе по доминантните ликовно-естетски насоки на европската уметност. Неговиот четиримесечен престој ќе биде повеќе драгоцена информација, повеќе запознавање со најновите дострели во европското сликарство. Во Париз Коџоман ќе биде повеќе импресиониран од старите мајстори, отколку од тогаш најавангардните претставници на париската школа, на нејзиниот нов пластичен јазик и антилитерарен став во сликарството. Оттаму ќе донесе повеќе скици, кои претставуваат едно лично, би се рекло, „балканско" видување на авторот на парискиот амбиент, интимни белешки за ликовно доживеаните париски мотиви: мостовите на Сена, улиците, мотиви и ликови од Монмартр, Латинскиот кварт и др.[32]

**в) Стремеж за континуитет**

Најзначајните творечки резултати на Коџоман ќе бидат презентирани на неговата голема ретроспективна изложба во Скопје во 1958 година. Да споменам неколку позначајни дела кои беа презентирани на оваа изложба и кои ги носат спомнатите естеско-ликовни вредности: *Автопортрет* (1955), *По зајдисонце* (1955), *Мотив од Прилепско* (1956), *Мотив од Црни Дрим* (1956), *Сончогледи* (1957), *Пензионер* (1958), *Жетва* (1958) и други.

Изложбата беше добро посетена, голем број дела откупени, а тогашната ликовна критика ја одбележа со достоен респект.

„. . . од еден лирик, тивок и смирен, со извесна доза на сентиментална обоеност во млади години, тој сега станува екстремен, буен и полн со немири креатор. Точно поради ова Коџоман е сè повеќе интересен и самобитен. . ."[33]

„. . . Во едно Коџоман останал свој: во чистите бои — доминантните зелена и црвена, над сината, жолтата и виолетовата Неговата фактура е пастозна, впечатокот фовистички, а мислата оди до иреалност. . ."[34]

„. . . Иако од тој негов последен циклус со сигурност би можеле да се одделат неколку смели ост-

варувања во доменот на композицијата и мртвата природа, сепак пејзажот како тема и преокупација на сликарот Коџоман е издигнат до неговиот најголем досегашен домет. . .“[35]

Тоа се само некои изводи од искажувањата на ликовната критика за творештвото на Коџоман презентирано на ретроспективна изложба во 1958 година во Скопје.

Во периодот по 1958 се забележува извесна творечка смиреност; во него доаѓа само до продолжување на континуитетот на сликарската постапка од VI деценија. Ќе излага на неколку значајни изложби: 1960 — *Македонски пејзаж* во Скопје; 1961 *Охридски мотиви* во Охрид, каде што добива прва награда за акварел[36], 1962 — *Македонски портрет на XIX и XX век* во Скопје и др. Ќе настанат повеќе дела со мотиви од скопскиот парк: *Заечки Рид II* (1961); *Мотив од Прилепско II* (1960), *Сончогледи* (1962), *Везилка* (1962), целата интонирана со етно-фолклорни белези, во основата инспирирана од поезијата на Блаже Конески „Везилка“ и др.

Трагедијата што го снајде Скопје во 1963 година ќе биде повод за настанување на циклус слики „26 јули 1963“, кој почнува уште од првите денови по земјотресот — и е реализиран во текот на 1964 и 1965 година.

Од 1960 до 1970 година, покрај повеќе пејзажи од циклусите „Жита“ и минијатурите на тема „Цвеќе“, Коџоман на тематските изложби посветени на НОВ и Револуцијата ги излага историските композиции: *Кон светла иднина* (1969) и *Илинден* (1969). Од 1970 до 1976, покрај повеќе портрети правени по порачка, најмногу работи на двата циклуси слики: „На Вардар“ и „Крај Вардар“.

Покрај сестраната тематска заинтересираност Коџоман во последниве години прави обиди за ликовно транспонирање на послободно решени композициони шеми во техниките: витраж, мозаик и зграфито.

Во хотелот „Бисер“ крај Струга во 1974 година има изведено 3 големи декоративно сфатени витражи со фолклорни елементи во стакло-пластика. Во 1975 година, заедно со сликарот Тофе Шулајковски и Петар Дракулевски, Коџоман е еден од коавторите на големиот мозаик во шалтер-салата на новите простории на Југобанка во Скопје, како и на зграфитото во истите простории на третиот кат.

Мозаикот во Југобанка (I — ѕид 325×340 см.; II — ѕид 630×340 см.). успешно е вклопен во амбиентот и го облагородува со топлиот колорит на природно обоените каменчиња. Со асоцијација за извесно динамично движење на полукружните и кружните елементи, декоративна и стилизирана, композицијата преминува во апстрактно-асоцијативна, со извесни елементи на симболика.

## Б. ТЕМАТИКА

Тематиката во делата на Ванѓел Коџоман е мошне разновидна. Речиси не постои мотив од класичната сликарска иконографија, до кој тој не се допрел, следејќи ги истовремено и актуелните теми. Меѓутоа, сепак можат да се одделат неколку сликарски сижеа кои најчесто ги среќаваме кај Коџоман и кои тој ги изведува во масло, пастел, акварел и цртеж: актови, портрети, мртви природи, пејзажи, социјални мотиви, историски портрети и композиции, со посебен творечки ангажман кон пејзажот и потретот, во кои ги достигна и своите најзначајни остварувања.

### МАСЛА

#### 1. Актови

Меѓу првите ликовни остарувања на Коџоман создадени во текот или веднаш по завршувањето на Уметничката школа во Белград, спаѓаат актовите од 1929 и 1930 година, во маслена техника, на кои им претходат повеќе школски цртежи — актови, со молив и јаглен.

Во актовите Коџоман го разработува проблемот на ликовната транспозиција на човечкото тело, насто-

јувајќи да го предаде со убедлива анатомска точност и природност на ставата. Актовите се работени по модел, цврсто моделирани, контурите стегнати, пластичноста постигната со благи нијансирања на сивоокернозеленикавите тонови при исликувањето на инкарнатот. Спокојните, масивни облици на женското тело, се поставени на грижливо обработена површина во повеќе градации на зелената и сиво-сината боја. Во овие дела на Коџоман се чувствува духот на белградската ликовна школа од почетокот на IV деценија, со извесни благи реминисценции на сличните преокупации кај Јован Биелиќ. Како посебно успешен би го изделила *Минијатурниот женски акт* (1940). Сликан е во Белград, непосредно пред почетокот на војната. Нежните форми на женското тело поставени се во ентериер. Додека самиот акт е сликан со меко обликувани форми без нагласен цртеж, сиот во окерест тоналитет, наместа со розови акценти нанесени на инкарнатот, задницата и амбиентот во ентериерот се предадени со поцврст и нагласен цртеж и поинтензивен колорит во исликувањето на ентериерните детали.

Коџоман создаде и неколку актови и по војната, за време на својата работа во УПУ во Скопје, по модел, во кои се забележуваат извесни недоследности во исликувањето на рацете и изведувањето на ракурсите.

## 2. Портрети

Појавата на портрети со современи атрибути во македонската уметност е одбележана уште кон средината на XIX век, преку некои дела на последните зографи: Дичо Крстовиќ, Димитрија Андонов Папрадишки и Ѓорѓи Зографски. Веќе во првите децении на XX век се појавува портретот како самостоен сликарски род кај скоро сите основоположници, академските сликари: Мартиноски, Личеноски, Пандилов, Коџоман, Владимирски, Белогаски, Цицо и др. Кај Коџоман, покрај пејзажот, портретот се јавува како најчест сликарски мотив.

Тој главно има интимистичко-реалистички карактер. Покрај повеќе семејни портрети (мајка, татко, сопруга, синови), Коџоман изработил и по порачка голем број портрети на свои пријатели и историски портрети.

Првите дела од овој сликарски род, настанати во предвоениот период, работени се со настојување субјектот да се моделира што пореалистички. Тогаш тој останува во рамките на смирен академски пристап, задржувајќи ја природната боја на инкарнатот, а портретот во целина го предава во придушен колорит со темносин, маслинест и сив тоналитет во повеќе градации.

Меѓу неговите најстари портрети посебно внимание заслужува *Портретот на девојче* (1932), класично моделиран, со успешно изведени светлотемни соодноси, во темноцрвен и придушен кафеав тоналитет, студиозно работен со веќе здобиените солидни знаења од Академијата.[37]

Многу послободно исликан, со поширoки потези, во смирен колорит е *Портретот на мојата мајка I* (1935), во кој успева да направи, покрај другото, и физиономско-психолошка анализа на ликот. Во *Женскиот портрет* (1935) се забележува сличниот послободен третман, но сé уште во рамките на академското сфаќање за моделирање на ликот на младата девојка и со природна боја на инкарнатот. Од 1935 година е и простудираниот лик на Мишковиќ, членка на Друштвото „Јефимија", како и *Ноќниот чувар,* моделиран со реалистички пристап, со потенцирана психолошка анализа на ликот во придушен сиво-син тоналитет, на кој ги спротивставува топлите тонови нанесени на лицето и рацете. Во *Охридскиот полјак* (1937) веќе се насетува во портретното сликарство на Коџоман примената на поинтензивен колорит нанесен во поширoки плотни врз платното, појавата на контурата, која подоцна ќе биде понагласена, употребата на линеаризми во иcкликувањето на поедини делови на ликот (мустаќите, веѓите и сл.), со што се постигнува впечаток за неговата седост. Преку парталавата облека на полјакот потенцира и извесен социјален момент на своето време. „. . . Коџоман се јавува како верен интерпретатор на средината и луѓето каде што се родил, со кои доаѓал во непосреден допир, скоро идентично ги бележи тие односи што одумирале или се на пат да

исчезнат. Коџоман ќе се зафати со судбината на малиот човек, ќе ни го предаде со сета негова животна тривијалност — документирано, но и со една топлина за тој свет (Полјак, Старец)...“ — одбележано е во ликовната критика за овие социјално интонирани дела на Коџоман.[38] Од 1939 година датираат и четирите фамилијарни портрети на семејството Поповиќ во Белград. Меѓу нив се изделува *Портретот на Димитрие Поповиќ*, исликан во домашен амбиент на добро ситуирана граѓанска фамилја во Белград од крајот на четвртата деценија. Реалистички сфатен, со природна боја на инкарнатот, со примена на валери во исликувањето на ликот, добро простудиран. Во *Портретот на Лилјана Поповиќ*, ликот на девојчето е исто така поставен во интимна домашна атмосфера, меѓутоа со многу послободно исликана заднина со широки потези на сино-зеленикаво-белузлавиот колорит. Особено слободно е исликано, без детализирање, цвеќето во вазната кое е само пиктурално нагласено со црвеникави и зеленикави тонови.

Меѓу повеќето портрети на неговата сопруга настанати од 1942, кога сé уште му била колешка во гимназијата, па сé до денес, внимание заслужува *Портретот на мојата жена I* (1942), исликан со нагласен цртеж, без густи нанеси, со смели соодноси на боите, поставени мазно, така што на места се назира структурата на самото платно. Во *Портретот на мојата жена II* (1945) се чувствува настојувањето на авторот за внесување на физиономско-психолошка анализа, додека во *Портретот на мојата жена III* (1945) се забележува посмело компонирање на колористичките односи. Од 1945 година е и добро простудираниот лик на неговиот пријател и колега *Димо Тодоровски*.

Од 1945 до 1950 година настанати се повеќе портрети, реалистички сфатени и со извесен социјално-општествен призвук, како што се: *Грнчар*, (1946), во кој успешно реализира добро простудиран лик на стар грнчар, а од друга страна предава лик на „малиот“ работен човек во акција. Од овој период се и портретите *Работник* (1947), *Селанец од Нерези* (1947-1948), *Описменета жена* (1948) и др., како и поголем број историски портрети работени по порачка и реализирани со различит успех: *Баба Ристојца* (Илинденка — 1945), *Портрет на Илинденец* (1946), *Гоце Делчев* (1947), *Лазар Колишевски* (1950, 1951), *Пере Тошев* и *Ѓорче Петров* (1950), *Тито* (1954, 1950-1976), *Константин и Димитрија Миладиновци (1961)* и др. Меѓу овие реалистички сфатени портрети, по своите ликовни квалитети се изделува портретот на *Ѓорче Петров*, класично моделиран во придушена гама на темносини и сиви тонови, со примена на тонско сликање на ликот. Во VI деценија настанати се и повеќе портрети. Во ликот на *Пензионер* (1958), добро простудиран, се забележува смело компонирање со погусти наноси, со нагласен цртеж и контурирање на формите. Во *Портретот на жена* (1956), еден од серијата женски портрети од овој период применува смело компонирани широки контурирани површини во интензивен колорит. Последниве години изработил повеќе портрети на свои пријатели главно по порачка, реалистички сфатени во смирен тоналитет, повеќе или помалку успешни: *Портрет на Д. М.* (1970), *Портрет на Ж. В.* (1971), *Портрет на Ц. В.* (1976) и др.

Согледувајќи го во целина портретното сликарство на Коџоман може да се извлече заклучокот дека преку некои од своите портрети Коџоман успева повеќе да ги одразува психолошките, социјалните и етничките белези на нашиот човек, отколку настојувањето да моделира лик со одредена физиономија. Поголеми резултати постигнува кога при портретирањето е ослободен од стегите на директното „позирање“, кога успева контактите со своите модели да ги воспостави на една поширока основа, кога ликот добива димензии на пошироки, би се рекло „национални“, белези: *Ноќен чувар*, *Портрет на мојата мајка I*, *Охридки полјак*, *Грнчар*, *Пензионер* и др.

### 3. Автопортрети

Сличен стилски развиток се забележува и во неговите автопортрети. Од 1929 до 1976 година има направено 14 автопортрети во масло и пастел. Тие имаат изразито автобиографски карактер и овозможуваат да се следи ликот на авторот од најмладите години до денес. Најстариот *Автопортрет*

I (1929) е од периодот кога Коџоман е сé уште почетник но кај кого веќе се насетува чувството за моделирање на ликови и психолошка опсервација, академски сфатен, со помалку строг цртеж, со примена на светлотемни односи, а во целина изведен во темен тоналитет. Во *Автопортретот II* (1930) се забележуваат во сликарската постапка некои поуки земени од импресионистичкото сликарство на неговиот професор Миловановиќ со карактеристичните, ритмички пошироки моделирани површини. Повеќе убедлив е *Автопортрет III* (1940), изведен со суптилен сивкавосин тоналитет и со психолошка продлабоченост. Со слична сликарска постапка е настанат *Автопортретот VI* (1948), а потоа следуваат неколку автопортрети од VI деценија во кои е евидентна сликарската постапка на авторот соодветна со онаа во пејзажите од овој период, каде на преден план излегува експресијата на боите и формите: *Автопортрет IX* (1955). Ваквата постапка се повторува и во другите автопортрети настанати од 1955 до 1976 година.

4. Пејзажи

Пределот кај Коџоман се јавува како најчеста мотивска преокупација. Тој сликал пејзажи секаде каде што престојувал (Србија, Далмација, Словенија и др.). Меѓутоа, вонредните ликовни можности што ги дава екстериерот и богатата колористичка полифонија што ја содржи македонскиот пејзаж, посебно го импресионираат авторот. Во текот на целото свое долгогодишно творечко дејствување тој ќе биде постојано преокупиран со пејзажот на македонското поднебје, посебно со пејзажот на родниот крај и ќе реализира стотици пејзажи во маслена техника и акварел. Покрај неколку други македонски уметници од неговата генерација, кај кои исто така мошне често го среќаваме пределот на родниот крај, Коџоман се афирмира во македонското современо сликарство како изразит опсерватор на нашиот природен амбиент, како негов хроничар. Природата ја набљудува различно: од аспектот на нејзиното реално транспонирање во почетните дела; со користење на извесни поуки од постимпресионистичкото сликарство на белградската сликарска школа од IV деценија изведени во сивкаво-син колорит, во периодот условно земен до 1950 година; и со нагласена експресија на боите и формите во VI и VII деценија, во кои се насетуваат реминисценции на експресионистичката постапка, со елементи на фовизмот.

Во предвоениот период тоа се најчесто мотиви од родната Струга, Охрид и нивните околини: Калишта, Пештани, Горица, Свети Наум, Црни Дрим, а пред сé и најчесто Охридското Езеро. Долг период по војната Коџоман живее и работи во Скопје. Речиси не постои место во Скопје и неговата околина кое да не го привлекло вниманието на уметникот: мотиви од старо и ново Скопје, Нерези, Глумово, Матка, Треска, потоа стотина мотиви од скопскиот парк, крај Вардар и др. За суштината и значењето на пејзажот во сликарстсвото на Коџоман Димче Коцо вели: „... Вангел Коџоман ја предал елементарноста, рудиментот, грубата есенција на нашиот амбиент. Тој во пејзажот бара нешто исконско, далечно, родено со земјата и со векови срастено со човекот...“[39] Притоа мошне реално ја оценува и богатата ликовна продукција и постојаните барања на авторот, што природно услувува и создавање на дела со различит успех, па одбележува: „... и во тоа барање на моменти ни се претставува недоволно рафиниран, со екстремни бои, оддалечени од применото, од официјалното, дури за некого и тут'...“[40]

Најпрепознатливите основни елементи во пејзажите на Коџоман се: богатиот колорит и специфичната организација на композицијата, условена од своја страна и од специфичностите на природните амбиенти што најчесто ги слика (пределите околу Охрид и Струга, со планинските масиви на Јабланица, Мокра, Галичица, езерото и крајбрежната вегетација).

Чувството за боја ќе биде во текот на целото негово творештво најпрепознатливиот елемент: од сиво-сино-зеленикави нежни тонови во почетните дела, до интензивните бои: од најстудените ултрамарини и зелената, преку прелевањето на најкарактеристичните топли бои — црвената, декомпонирана во повеќе нијанси до виолетовата и океррот, во подоцнежните дела. За овие пејзажи на Коџоман меѓу другото е одбележано и следното:

„...Коџоман ја негува елементарноста на природата, на исконската убавина на своите платна, сакајќи да ни сугерира едно поспецифично расположение, една поспецифична убавина, нерафинирана, неоплеменета со човечката рака и чувство, убавина на природната стихија, дива во своето раѓање, неоскрнавена во својот инстинкт, природа, полна со контрасти и спротивности...“[41]

Специфичната организација на композицијата во неговите пејзажи главно е разрешена во хоризонтална просторна решетка, што се повторува безброј пати во слични варијанти: небо, планини, ниви, крајбрежна вегетација и стилизирана архитектура. На така хоризонтално аранжираната композиција често ѝ спротивставува вертикално исликани стожери — дрвја, најчесто тополи, долапи со човечка фигура и сл. Во зависност од времето кога е сликан пејзажот: во различни периоди на денот, од изгревот до зајнисонце, од што е условена и колористичката постапка, небото во пејзажот или е лирски мирно во синосив тоналитет или пак е драматично, вознемирено, темноцрвено, црносивозелено. А градацијата на боите (која се развива од зелената, што преминува во темносина а потоа во виолетова) при разрешување на планинските масиви околу Охридското езеро придонесува, меѓу другото, за продлабоченоста на просторот и пластичноста на композицијата.

Најстариот запазен пејзаж на Коџоман *Селото Пештани* датира од 1932 год. Тоа е реалистички природен амбиент и по форма и по колорит, со прилично тврд цртеж и извесно влијание од акварелната техника во исликувањето на езерските води.

Во текот на целата IV и првата половина на V деценија, неговата сликарска постапка во пејзажот се одвива со доста прецизен цртеж во веќе спомнатата специфична организација на композицијата и во градацијата од сиво-син до сино-виолетов колорит нанесен со покуси потези, особено во третманот на небото и крошните на дрвјата: *Далјаните* (1932), *Дрим во Струга* (1939), *Долап* (1940), *Планински пејзаж* (1946), *Кон Матка* (1946), *Пролет на Шар-Планина* (1948) и др.

Во текот на 1940 година во некои слики доаѓа до извесни отстапувања од вообичаената сликарска постапка, до поинаков третман во транспонирањето на пејзажот. Така во сликите *Чунови I* и *II*, изведени со суптилен колорит во син тоналитет, со цврсто моделирање и геометризирање на формите во исликувањето на чуновите, постигнува извесна модерна пластична реалност. Сметам дека овие две дела на Коџоман се меѓу неговите најуспешни остварувања во пејзажот. Варијанти на овој мотив (*Чунови III* — 1948 и *Чунови IV* — 1950) среќаваме повторно, но со понагласен цртеж, појак колорит и со елементи на декоративност.
Во пејзажот *Св. Танасија со езерото* (1947), веќе се насетуваат некои одлики на неговата подоцнежна ориентација каде што применува извесна динамичност со ритмично слагање на сивкаво-црвеникавите тонови во исликувањето на стените, со побрзи потези, а од друга страна, небото е мирно, исликано со постимпресионистички потег. Постојат три варијанти со мотивот на Св. Танасија. Сличен третман е применет и во пејзажот *Пролет на Шар-Планина* (1948), каде што се забележуваат ритмички нанесените потези. Во *Мотивот од Калишта II* (1954), веќе е нагласен преминот кон фазата во која Коџоман внесува поголема експресија и во колоритот и во формите на планинските масиви, кои се послободно исликани. Се појавуваат и контурите за врамување на формите на крајбрежната вегетација, кои ќе бидат мошне карактеристични во неговите натамошни пејзажи. Потоа ќе настанат повеќе пејзажи, во кои Коџоман е најмногу свој, најмногу специфичен, во кој пределот го доведува до степенот на симбол на македонскиот пејзаж. Во *Мотив од Прилепско* (1956), експресионистички ги исликува Марковите кули и по боја и по форма драматично интонирани, со интензивни и смело поставени соодноси на боите. На преден план е стилизираната и со темни контури врамената вегетација, а во задницата скоро асоцијативно се предадени формите на масивите, со црвено вжештено небо исликано со широки потези. Цртежот не ги опишува стриктно формите, туку ги преобликува, создавајќи место за боја и за одреден ритам во композицијата.

Во *Езерски мотив* (1957) се појавува сличен третман во исликувањето, меѓутоа, тука на преден план е предадена детализирано крајбрежната скржава вегетација и геометризираните стилизирани форми на градската архитектура.

Кон овие дела по своите ликовни квалитети и слична стилска насоченост можат дасе приклучат уште: *По зајдисонце* (1955), *Мотив од Црни Дрим I* (1956), *Мотив од Црни Дрим II* (1957), *Сончогледи I* и *II* (1956-1957), *Жетва* (1957) и др.

Од контекстот на вака конципираните пејзажи на Коџоман излегуваат неколку слики од циклусот со мотиви од Попова Шапка и Јелак, создадени во 1953 година, меѓу кои се изделува пејзажот со Мотив од Попова Шапка по суптилно сликаните со покуси импресионистички потези снежно бели терени и драматичното небо со жолти облаци.

Една од најомилените теми на авторот се житата; ја развива во повеќе варијанти како: житни полиња, жетварки, гумна, жетви и сл. Во овие пејзажи често се појавува и човечката фигура, статична или во акција, но секогаш стилизирана и упростена. Тука внесува и доста етно-фолклорни елементи, кои се исто така присутни во мотивите од старата градска архитектура на Струга, Охрид и Скопје, во мртвите природи, во некои портрети социјално интонирани и во други композиции. Да споменам само некои од овој циклус: *Гумно* (1945), *Пченка* (1946), *Вршидба* (1946), *Пејзаж со жито* (1950), *Жетва* (1958), *Жито II* (1968) и др.

Во периодот од 1960 до 1973 настануваат неколку циклуси пејзажи: „Од скопскиот парк", „Крај Вардар", и „На Вардар", со понеколку десетици слики во маслена техника. Овие дела претставуваат најнови обиди во истражувањата на авторот во доменот на пејзажот. Создадени се со многу послободен потег во широко предадените форми на дрвјата, без нагласени линеаризми и контурирања на природните форми, со смели соодноси на боите, без поранешните густи наноси. Меѓу нив посебно се изделуваат со својата свежина што ја дава моментаната инспирација: *Пожар во скопскиот парк* (1964), *На Вардар VII* (1970), *Крај Вардар II* (1970), *На Вардар III* (1970) и др.

## 5 Мртва природа

Мртвата природа кај Коџоман ја среќаваме мошне често, уште во почетниот период на неговото творештво и тоа во различни видови: Мртва природа со овошје, зеленчук, пченка, кромид, сликарски реквизити, риби, цвеќе итн. Мртвата природа како најинтимен дел во сликарството на еден автор е мошне погодна за формални и колористчки експериментирања. Во првите мртви природи (1935-1940) сé уште се чувствува академската организација на композицијата со нагласен цртеж и смирен колорит. Како што се развива сликарската постапка во другите мотиви, така и во мртвата природа Коџоман одбележува различни резултати и успеси. Посебно би ја изделила *Мртвата природа со дуњи* (1948), која по својата светла придушена палета и смирена колористичка гама се доближува најмногу до неговите пејзажи од овој период. Успешно компонирана, со вешта тактилна материјализација на дуњите и суптилно исликаната керамика, оваа мртва природа содржи во себе и етнографски белези: мошне често употребуваната декоративна крпа со црвено-сини, риги, врз која ја развива композицијата. Во *Мртвата природа* (1955) настаната во Париз, убедливо насликана, ги среќаваме истите белези. *Рибите-пастрмките* (1956) спаѓаат меѓу неговите најдобри остварувања во доменот на мртвата природа. Ритмички распоредени во тркалезна чинија, пластично исликани во зеленикаво-окерен тоналитет, на места со црвени акценти. Од истиот период е уште една варијанта на риби (1956 — хотел „Бисер"). *Мртвата природа со торзо (1956)* ги носи одликите на периодот во кој најмногу доаѓа до израз неговиот интензивен колорит, со нагласен цртеж, со примена на контурирање на исликаните форми, декоративно-дескриптивна. Во поголем број Цвеќиња на кои Коџоман мошне често се задржува е евидентен јасниот цртеж и интензивниот колорит, со нагласена декоративност.

Во мртвите природи Коџоман често внесува етнофолклорни елементи од нашето подрачје: текстил, декоративни крпи, чаршафи, изворна украсна керамика, што во бројни примероци се наоѓа во неговото ателје.

Од 1960 до 1975 година создал циклус минијатури со мотив Цвеќе, во повеќе, мошне слични варијанти.

## 6. Старата градска архитектура

Коџоман е посебно заинтересиран за старата градска архитектура на Струга, Охрид и Скопје. На оваа тема создал два поголеми циклуси слики: „Струга во минатото", од кои триесеттина дела се наоѓаат како донација на авторот во Струга во неговата Спомен-куќа. Повеќе масла и цртежи настанати се на тема „Старата скопска чаршија" (1946-1956).

Доживувајќи ја Струга на свој начин, изразувајќи ја во своите многубројни платна со карактеристичен ликовен ракопис, Коџоман создаде истовремено драгоцен ликовно-документационен материјал за изгледот на стара Струга, за нејзината интересна староградска архитектура, сокаците, ќепенците, чаршијата, мотиви покрај Црни Дрим, транспонирајќи ги со различни ликовни квалитети, сочувајќи ги така пренесени од заборавот на времето, кое последниве децении на засилена урбанизација многу избришало. *Родниот сокак* (1935), *Кумбаров сокак* (1946), *Куќата на Косте Милчин* (1946), *Пред Пионерскиот дом* (1946), *Куќата на Шантовци* (1949), *Старата струшка чаршија* (1950), се само неколку од спомнатиот циклус „Струга во минатото" кои се изделуваат по својот ликовен квалитет и во кои авторот успеал да одржи рамнотежа помеѓу илустративноста на темата и ликовната обработка.

Трговско-занаетчискиот центар на Скопје — старата чаршија, со своите многубројни дуќанчиња, едноставно компонирани во мали димензии и изградени од провизорни материјали, тесните калдрмисани улички, ќепенци и чардарци, остатоците од старата исламска сакрална и профана архитектура (џамии, амами, анови, безистени и сл.), посебно го привлекувале вниманието на уметникот.

На овие платна, во композиција во која е нагласен цртежот и специфичниот интензивен колорит, често дескриптивно и илустративно сфатен, пренесен е дел од пејзажот на Скопје кој постепено исчезнува отстапувајќи им место на современите архитектонски остварувања. Старите занаети: златари, ќурчии, качари, јорганџии, сарачи и сл., кои одумираат, во сликите на Коџоман се запазени како драгоцени ликовно-историски документациони материјали за изгледот на старата скопска чаршија од средината на овој век, сè до нејзината дефинитивна реконструкција. *Кај Куршумли ан* (1947), *Качари* (1947), *Златари* (1950), *Старо Скопје* (1950), *Оштрачи* (1952), *Мотив кај Араста џамија* (1956) и др. се некои од делата на оваа тема каде покрај документарното значење се забележуваат и своевидни ликовни вредности. Низ мотивите на старата градска архитектура Коџоман често исликува човечки фигури, упростени и стилизирани.

## 7. Слики со социјални белези и етно-фолклорни елементи

Речиси во сите мотиви што ги обработува Коџоман во своето творештво, на моменти се среќаваме со етно-фолклорни елементи и со дела социјално интонирани; тие му даваат на авторот и на неговото творештво призвук на локална и национална „обоеност" што придонесува и за препознатливоста на неговите дела. Веќе спомнав дека нив ги среќаваме во мртвите природи, ентериерите, староградската архитектура. Тие се присутни и во историските композиции и во портретите. Како дела кај кои е повеќе нагласен тој фолклорно илустративен третман ги споменувам: *Везилка* (1962), *Предачка* (1973), *Македонско оро* (1974) и др.

Социјално интонираните ликови кај Коџоман ги среќаваме на начин што не е провокативен, повеќе е настанат спонтано како израз на романтичнохуманистичкиот однос на авторот према „малите" луѓе на својот крај. Во некои композиции се јавува и работниот човек во акција: *Каменоресци* (1936), неколку варијанти на тема *Долап* (или На колце), (1940-1956), *Гумно I* (1945) и *Гумно II* (1956), *Риболовци* (1958), *Пештанки белат платно* (1954), во повеќе дела со претстави на жетви, вршидби и сл. Со извесен социјален призвук за економската структура на работниот човек во Македонија се и композициите: *Далјаните* (1935), *Биволици I и II* (1958), *Долапи, Гумна, Жита* и сл.

Меѓу нив да спменам само неколку кои се издeлуваат со мошне сериозниот пристап на авторот во ликовната обработка на психолошката анализа на ликовите: *Охридски полјак, Ноќен чувар, Грнчар, Пензионер* и др.

## 8. Слики со историска содржина

Теми од подалечното и поблиското минато на нашиот народ среќаваме кај Коџоман исто така доста често. Тоа значи уште еден прилог, за веќе изнесената констатација за неговата сестрана тематска заинтересираност, за неговата присутност на речиси сите тематски изложби што се одржувале во нашата Република. Овие дела главно се настанати по порачка, или како резултат од учество на објазени конкурси за одредени теми или за конкретни изложби. Дела со историска содржина Коџоман излагал на сите изложби во VI и VII деценоија на тема од нашето историско минато, НОВ и Револуцијата. Започнувајќи уште од крајот на 1944 година со одбележување во своето творештво на „ангажирани теми“, Коџоман реализирал во маслена техника и акварел три лика на партизанка. Покрај повеќе историски портрети, од 1951 се композициите *Повик во борба* („11 Октомври“), *Ослободувањето на Скопје* и *Војводата зборува*, а од 1969 год. двете големи композиции: *Кон светла иднина* и *Илинден.* Сите овие композиции ги носат во себе пиктуралните вредности на Коџомановото сликарство, меѓутоа се обременети со нагласена наративност и дескриптивност во транспонирањето на одредена тема.

## 9. Циклус „26 јули 1963“

Трагичниот настан што го снајде Скопје на 26 јули 1963. доби свој одраз во творештвото на поголем број македонски уметници, со различни творечки пристапи и формално стилски одлики, но главно соодветни со нивните други сликарски остварувања.[42] Уште првиот ден по земјотресот Коџоман во својот сликарски блок регистрира повеќе скици и цртежи, доживеани и ликовно транспонирани на самото место на несреќата. Врз основа на тие скици Коџоман во текот на 1963, 1964 и 1965. ќе реализира циклус слики во маслена и комбинирана техника кои по својата ликовно стилска обработка излегуваат од контекстот на неговата дотогашна сликарска постапка. Со примена на колажна техника, апликации (метални, пластични, дрвени) и густи наноси, постигнува релјефност и пластичност во структурата на исликаната материја. Коџоман одбележува разурнати згради, морничави атмосфери, во кои често се присутни и извесни надреално интонирани акценти: црно-црвено, сиво-црно-маслинесто или пак зелено-црвено небо во комбинација со окерести тонови. Наместа на грубо исликана фактура со нагласени линеаризми ѝ спротивставува површински исликани партии со валерски односи. И овие дела на Коџоман претставуваат ликовно документарни материјали за едно трагично време на Скопје.

## АКВАРЕЛИ

Заедно со Димитар Пандилов и Љубомир Белогаски и уште неколкумина од неговата генерација кои само делумно во предвоениот период ја негуваат техниката на акварелот, Коџоман е еден од основоположниците на оваа ликовна дисциплина во Македонија. Пред војната најмногу ценет како акварелист, тој и во повоениот период сѐ до 1950 година реализирал повеќе циклуси акварели.

Првите афирмативни критики за своите акварели Коџоман ги доби на изложбите во Белград од 1929-1940, како и на првата самостојна изложба во Скопје во 1938 година. Така, во 1937 година ликовната критика одбележува: „... Ванѓел Коџомановиќ од Струга го сретнавме овде прв пат и тоа веднаш како зрел и одличен уметник. Неговите масла со погледи на Охрид и Струга, многу интересно се компонирани, а неговите сјајни аква-

рели беа далеку најдобри меѓу другите на оваа изложба, работени прецизно, со необично фини преливи...“[43]. Ликовниот критичар Петар Слиепчевиќ за неговите акварели презентирани на самостојната изложба во Скопје одбележува: „...акварелите на г. Коџомановиќ се сјајни, меѓу најдобрите кои се кај нас излагани работени во најчиста техника специфични од оваа врста, воздушести и нежни...“[44] А на друго место пак за настапот на самостојната изложба се спомнува: „...скромен, тивок, и работлив, г. Коџомановиќ, кој постојано живее во Охрид како наставник во гимназијата, не допуштил животот во малото место негативно да влијае на неговата уметничка активност и продуктивност... така настанале низ карактеристични портрети и акварели, чиј предмет се Охрид, охридските граѓевини...“[45]

*Глава на жена* (1928) е најстариот зачуван експонат на Коџоман, работен по модел во акварелна техника, детално исликан, со назначен цртеж и реалистички конципиран. Од 1939 е запазен акварелот Струга со мотив од житното пазариште, скицозно разрешен со повеќе стилизирани фигури.

Во акварелот *Св. Никола Болнички* (1935), излаган на бојкоташката изложба во 1937 год. во Белград, сé уште се чувствува строгиот цртеж (условен делумно и од самиот мотив). Во задницата се наѕираат контурите на Самоиловата тврдина, а на преден план се геометризираните форми на црквата.

Меѓутоа, уште во овој, од неговите први акварели, се забележува усетот на авторот за сликање во оваа техника. Се забележуваат и карактеристичните бели непокриени површини, што подоцна ќе ги користи во поголема мера. Бојата со четката само делумно е нанесена, начин на исликување, кој во оваа специфична сликарска техника ѝ дава одреден ритам на композицијата. Од 1937 до 1940 Коџоман изработил циклус акварели со мотив од Охрид. Во нив на преден план е главно старата архитектура на градот, често се наѕираат силуетите на Самоиловата тврдина. Во овие акварели веќе се забележува послободното исликување на архитектурата, а пејзажот околу е изведуван со пошироко нанесени плотни: *Мотив од Охрид I* (1937). Во акварелите *Мотив од Охрид II и III* (1937) се забележува веќе послободниот третман на авторот во исликувањето на природните форми во јарки сини тонови. Водата како да се слева низ езерската површина преку успешно нанесената акварелна боја. Наместа остава непокриени површини, кои како бели акценти врз синилото на езерската површина допринесуваат за раздвиженоста на композицијата. На вака слободно акварелисаниот езерски пејзаж (езеро, планини, небо) кои се распливнуваат и мешаат меѓу себе, без нагласен цртеж, спротивставува доста линеарно исликани и геометризирани форми на старата архитектура. Со овој начин на исликување во два плана се добива меѓу другото и продлабоченост на просторот. Во *Пејзаж I* (1938) и *Пејзаж II* (1939) силуетите на планините се прозираат во езерските води исликани во студен син тоналитет. Меѓутоа, крајбрежната архитектура во првиот план е геометризирана со нагласени графизми и темносини контури за врамување на нејзините форми. Сличен третман, со примена на линеаризми во првиот план на композицијата и многу послободно исликаниот езерски предел во неколку потези со небото во вториот план, се забележува и во некои други акварели од овој период. Од 1939 до 1940 кај авторот се запазени неколку акварели работени во Белград.

Коџоман во акварелна техника има изведено и неколку портрети и меѓу кои се зачувани неколку ликови на партизанки од крајот на 1944, реалистички конципирани со нагласен цртеж и акварелот *Описменување* (1946). За време на својот претој на Младинската пруга Шамац — Сараево во 1947, покрај скици и цртежи од работните акции, Коџоман направил и неколку акварели со мотиви од природните амбиенти на Босна. Во акварелот *Високо* (1947) се чувствува веќе искусниот акварелист во транспонирањето на планинскиот пејзаж, со нагласена ритмика во композицијата, постигната со делумно непокриените со боја површини, со нагласен цртеж и реалистичка постапка.

Слични на овие се и некои акварели со *мотиви од Сплит и околината* (1948) како и неколку мотиви од Скопје: *Старо и ново Скопје* (1948-1949) и *Мотив од старата скопска чаршија* (1949), доста слободно исликан, целиот изведен во сино-сив тоналитет.

Оваа постапка на акварелисување уште повеќе разработена, изведена со ситни ритмички нане-

сени потези Коџоман ја применува во циклусот акварели од *Блед* (1950), настанат за време на неговиот престој во Словенија. Во акварелите *Бледско езеро, Блед I, II и III* (сите од 1950) во повеќе варијанти го транспонира специфичниот бледски пејзаж со крајбрежната архитектура.

## ЦРТЕЖИ

Цртежот на Коџоман во својата основа е секогаш реалистички сфатен, создаден повеќе како скица за подготовка на слика, отколку како самостојна ликовна дисциплина.

Од времето на неговите студии во Белград и непосредно по нивното завршување (1929-1932) се зачувани кај авторст повеќе академски цртежи: машки и женски актови и портрети, работени по модел, со молив, јаглен и пастел. Уште во овие прги цртежи се чувствува солидното искуство стекнато на Академијата, со грижливо обработен цртеж, убедливо да се предаде склопот на човечкото тело и природноста на ставата во различни варијанти. Со благо сенчење или со ритмички дијагонално и вертикатлно нанесени потези добива светло-темни односи и пластинчост. Притоа во некои актови се забележуваат извесни недоследности во исцртувањето на раката, ногата или во изведувањето на ракурсите. Меѓутоа, во цртежите, Коџоман главно со анатомска точност предава масивни и јадри тела со напнати мускули и со цврсти форми, актови во различити стави, статични или во движење. На места линијата што го оформува човечкото тело е цврста, потенцирана, поширока, наместа тенка, испрекината (во некои женски актови).

Од овој почетен период се и повеќе женски портрети, предадени анфас или во полупрофил, со ритмички изведено сенчење во хоризонтала и вертикала за постигнување на светло-темни односи, реалистички опсервирани, со сé уште школски цртеж. Од 1932 е и Портретот на старец, пастел изведен во светлокафеаво-зеленикав тоналитет со нагласен цртеж.

Од периодот на социјалистичкиот реализам настанати се скици и цртежи со туш и молив (1946-1948), во кои Коџоман фиксира и регистрира во својот цртачки блок повеќе мотиви од работните акции на Младинската пруга Шамац — Сараево, Маврово и др.: *Лашва I, II* (1947), *Компресори* (1946), *Минер со фенер* (1947), *Копач I, II* (1948) и др., изведени со реалистички конципиран цртеж, фактографски и илустративно.

Поголемо внимание заслужвуаат неговите цртежи од VI деценија, во кои со молив и фломастер портретира повеќе свои колеги и пријатели настојувајќи со најосновни цртачки елементи да го истакне физиономско-психолошкиот момент кај ликот: *Димитар Пандилов* (1950), *Винко Грдан* (1953), *Павле Даскалов* (1954), *Исмет Муезиновиќ* (1965), *Никола Мартиноски* (1959) и др. На моменти, со скицозно оформување на ликот и пошироко назначен цртеж, применува и елементи на карикатуралност и гротеска: *Славко Пенгов* (1956), *Ванчо Ѓорѓиев* (1958), *Тодор Шоптрајанов* (1952) и др. Од 1955 датираат околу дваесетина цртежи и слики изведени со фломастер и моливи во боја настанати во Париз и со париски мотиви. Во некои од нив применува многу пoслободен цртеж, наместа со кубистички решенија, наместа апстрактно-асоцијативни: *Нечиста кујна, Визија, Лезбејки, Дочек на Новста 1955/56* и др.

Тогаш се настнати и неколку скици по кои подоцна ќе ги реализира сликите *Уплашени коњи* (1958), *Пред зајдисонце* (1957), *Пензионер* (1958) и др.

Од 1963 се повеќе скици настанати спонтано, непосредно по скопската трагедија, кои секако ќе останат како ликовни документи за овие тешки денови на Скопје (*Платнен град*, датиран: 11. IX. 63) и др. Врз основа на тие скици и цртежи во текот на 1964 и 1955 Коџоман го создава циклусот „26 јули 1963".

Во неколку *мотиви од Дојран* од 1964, со фломастер, со ритмичко нанесување на потезите во хоризонтала внесува поентилистички акценти во сино-зелено жолт тоналитет.[46]

* * *

Согледан низ сите овие аспекти: историски, естетско-стилски и тематски, творечкиот опус на Ван-

гел Коџоман, што одбележува скоро половина век интензивно и ангажирано дејствување, претставува значаен придонес во современото македонско сликарство, а неговата улога на еден од основоположниците ќе остане трајно присутна во историјата на македонската современа уметност.

Посебно значење има неговата улога во поставувањето на основите и развитокот на ликовната педагошка мисла во Македонија: тој е прв ликовен педагог со академско образование пред војната и полни три децении дејствува во повоениот период.

*Љубица ДАМЈАНОВСКА*

## ЗАБЕЛЕШКИ

1. Историја на македонскиот народ, III книга, Скопје, 1969, стр., 137.

2. Ванѓел Коџоман. Све што је у мени, Струга је, Политика, Белград, 7. XII 1975.

3. Во 1895 во Белград е основана приватна Уметничка школа од Кирило Кутлик (1847-1900), словачки сликар и педагог, што работи по одредена програма со главен предмет — цртање. Во неа учат повеќе генерации српски и други југословенски уметници, меѓу кои и неколкумина македонски: Личеноски, Коџоман, Владимирски, Белогаски, Тодоровски, Поповиќ — Цицо. По смртта на К. Кутлик Школата ја презема Бета и Ристо Вукановиќ. Од 1904 е реорганизирана и се вика Државна уметничка школа. Под ова име постои сé до 1937, кога прераснува во Академија за ликовни уметности.

4. Никола Мартиноски, Творечкиот пат на Ванѓел Коџоман, Нова Македонија, Скопје, 30. IX. 1958.

5. Димче Коцо, Струга и Струшко, Собрание на Општината на град Струга, 1970.

6. Бета Вукановиќ (1872-1971), сликар и професор на Уметничката школа. Предава сликарство и акварел до 1936. Негува сликарство со реалистички и импресионистички призвуци.

